МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 29.12.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 1285/1 | | |

Архивски знак 2401
Рок на чување 3С.
31.12 2021 год.
Потпис

До Локалната самоуправа на Општина Пробиштип
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Буџет на општината (приходи и расходи) за последните десет години, односно во периодот од 2011 година до 2021 година
2. Список на советници на опі́тината, во кој се наведени: нивно име и презиме, политичка партија, e-mail, телефонски број, образование, занимање, мандат (прв, втор, трет, итн.), фотографија, кратка биографија (CV). Доколку има и други податоци за советници, ве замолуваме да ги додадете и нив.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил (matej@metamorphosis.org.mk)**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

Назив: Фондација за интернет и општество Метаморфозис
адреса: ул. „Апостол Гусларот" бр. 40 1000 Скопје, Северна Македонија
телефон: +389 2 3109 325
е-пошта: info@metamorphosis.org.mk
(назив, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Северна Македонија

Датум 27.12.2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-1285/2
10.01 2022 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Фондација за интернет и општество Метаморфозис со адреса на ул.„Апостол Гусларот" бр.40, Скопје** поднесено на **29.12.2021 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од **Фондација за интернет и општество Метаморфозис со адреса на ул.„Апостол Гусларот" бр.40, Скопје** наш бр.24-1285/1 од 29.12.2021 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- Буџетот на општината (приходи и расходи) за последните десет години, односно во периодот од 2011 година до 2021 година;
- Список на советници на општината, во која се наведени: нивно име и презиме, политичка партија, e-mail, телефонски број, образование, занимање, мандат (прв, втор, трет, итн.) фотографија, кратка биографија (CV). Доколку има и други податоци за советници, ве замолуваме да ги додадете и нив.

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **Фондација за интернет и општество Метаморфозис со адреса на ул.„Апостол Гусларот" бр.40, Скопје** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

- Буџетот на општината (приходи и расходи) за последните десет години, односно во периодот од 2011 година до 2021 година е објавен на веб страната на општина Пробиштип на следниот линк: http://probistip.gov.mk/oddelenija/finansiski-prashana/

- Список на советници на општината, во која се наведени: нивно име и презиме, политичка партија, e-mail, телефонски број, обраование, занимање, мандат (прв, втор, трет, итн.) фотографија, кратка биографија (CV).

Во Прилог:

1. Список на советници на општината;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 10.01.2022 година, под бр.24-1285/2.**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

______________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

______________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-1285/3
10.01 2022 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **10.01.2022 година**
**ДО: Фондација за интернет и општество Метаморфозис со адреса на ул.„Апостол Гусларот“ бр.40, Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до imателот на информации **Општина Пробиштип**
**ВРСКА:** 24-1285/1 од 29.12.2021

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Во Прилог ви се доставуваа и:

1. Список на советници на општината;

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице